**Известување за концентрација со која ИНФИНУМ д.о.о, Хрватска стекнува контрола врз Експанд Д Рум ЛЛЦ, САД**
**(предмет бр. 08-124/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 17.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ИНФИНУМ друштво со ограничена одговорност за компјутерски дејности и услуги (ИНФИНУМ д.о.о) со седиште на Мала Шварча 23, Карловац, Хрватска *има намера да стекне самостојна контрола* над Експанд Д Рум ЛЛЦ (EXPAND THE ROOM LLC), со регистрирана адреса на 614 Н ДУПОНТ ХВУ СУИТЕ 210, Довер, Делавер, САД по пат на директно стекнување на 100% од капиталното учество.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Регистрираната примарна дејност на **ИНФИНУМ д.о.о**. е компјутерско програмирање.

Во Северна Македонија, ИНФИНУМ д.о.о. има едно регистрирано зависно друштво

– Друштво за производство, трговија и услуги ИНФИНУМ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Максим Горки бр.13, 1000 Скопје и со регистрираната приоритетна дејност останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите.

Примарната дејност на **Експанд Д Рум ЛЛЦ** е агенција за дизајн и развој на софтвер.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како пазар на услуги на информатичка технологија (IT), додека точниот географски опсег на пазарот е најмалку национален или поширок од национален, но дефиницијата на релевантниот географски пазар може да се остави отворена.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

22.08.2023 година
Скопје